| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Изразување и творење<br>Раскажување и прераскажување<br>*(расказ)* | Раскажува за доживеан или измислен настан. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Техника – Бура на идеи -на што ви асоцира на зборот лето. Учениците индивидуално запишуваат реченици или зборови што им асоцираат на зборот лето.<br>Наставникот на учениците им задава инструкции за техниката –Насочена фантазија<br>-Ги замолува учениците да си ја стават главата на масата и да ги затворат очите. Нека вдишат длабоко за да се релаксираат.<br>-Бавно читајќи текст, наставникот ја насочува нивната фантазија со предлози со кои ќе им помогне да евоцираат слики, водејќи ги од слика до слика.<br>-Откако ќе завршите со вежбата (учениците се будат), наставникот им дава доволно време на учениците да одговорат на прашања и да ги запишат замислените слики со цел да го раскажат нивниот доживеан настан од летото.<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат според инструкциите за техниката Насочена фантазија. Ги затвораат очите и ги слушаат инструкциите:<br>Замислете се покрај еден убав сончев брег. Се шетате покрај морето и дишете длабоко од свежиот утрински воздух. Ја мирисате морската | -игри/ наставни техники | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- изработките/ практичните изведби (пишување/творење текстови)<br>- рефлексивните дневници;<br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | сол. Ги слушате плискањата и брановите. Сè е мирно и тивко. Нема никој на брегот. Небото е сино. Се гледаат оддалеку прекрасни птици кои радосно пеат и летаат во кругови. Одеднаш здогледувате во далечините еден чамец. Во него е една личност што ја сакате многу. Тој/таа се приближува кон брегот и мавта со рацете. Вика по вас. Ве повикува да дојдете во кајчето и да се возите по морската ширина. Вие се радувате. Подготвени во костимот за капење се стрчувате кон морето. Ја чувствувате студената вода, ама не ви е проблем. Убаво ве разладува. Ги слушате вашите плискања во водата. Испливувате до човекот. Ви подава рака и се качувате на кајчето. Се чувствувате прекрасно. Мирно е, морето е сино и се бранува нежно. Птиците сега се поблизу до вас. Ги слушате убаво како пеат. Молчите и го гледате синото небо на кое нема ниту едно облаче. Се слуша плискањето на брановите во кајчето… се будите…<br>Откако ќе се разбудат одговараат на следните прашања: Какво беше небото? Како изгледаше личноста што ја сакате многу? Која е таа/тој? Носеше капа? Во која боја беше? Што слушавте? Што видовте?<br>Откако ќе заврши кратката дискусија во која учениците споделуваат што виделе и чуле, тие сето тоа го запишуваат како краток расказ.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br><br>Учениците ги презентираат расказите.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања: | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Наука за јазикот<br>Комуникација – елементи и видови<br>*(елементи на комуникацијата: порака, испраќач на пораката, примач на пораката, средство за пренесување на пораката; знак, симбол, сигнал, сигнална и симболичка комуникација, вербална и невербална комуникација, посредна и непосредна комуникација, еднонасочна и заемна комуникација)* | Го објаснува поимот комуникација.<br>Ги објаснува елементите на комуникацијата преку пример. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Техника – Бура на идеи-на што ви асоцира зборот комуникација.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците следат презентација:<br>1. Воведно запознавање - историјат на исконската желба за<br>изразување на човекот низ вековите (од праисторија, до денес)<br>- преку цртежи на карпи / пештери, камени и глинени плочи;<br>- палење оган, развејување знамиња - комуникација на<br>далечина;<br>-танци (гестикулација и мимика) пропратени со нагласена<br>ритмика и извици поврзани со одредени емоции;<br>- религиозни ритуали;<br>- развој на говорни органи, говор и артикулација;<br>-појава на знаковен јазик / видови<br>- создавање на азбука (глаголица / кирилица<br>(глас - буква); писменост ;<br>2. Учениците се поделени во групи, добиваат илустрации со различни средства за комуникација, на пример: телевизор, телефон, компјутер, а потоа имаат задача да размислат какви пораки може да се пренесат со помош на | -илустрации,<br>Фотографии<br>-техничка опрема во училницата (видео бим)<br>-картички | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | посоченото средство на илустрацијата. Секоја група кратко презентира пред останатите групи. Потоа се поведува дискусија со насочени прашања: Како се нарекува процесот во кој се разменуваат пораки/информации? Што користевте како средство за пренесување на пораките? Дали користевте само зборови? Дали користевте гестови и мимики? Како се нарекува оној кој ја испраќа пораката и како се нарекува оној кој ја прима пораката?<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците во групи преку техниката грозд ги претставуваат основните **елементи на комуникацијата**<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Наука за јазикот<br>Комуникација – елементи и видови<br>*(елементи на комуникацијата: порака, испраќач на пораката, примач на пораката, средство за пренесување на пораката; знак, симбол, сигнал, сигнална и симболичка комуникација, вербална и невербална комуникација, посредна и непосредна комуникација, еднонасочна и заемна комуникација)* | Прави разлика помеѓу знак, симбол и сигнал.<br>Споредува различни видови комуникација (сигнална и симболичка комуникација, вербална и невербална комуникација, посредна и непосредна, еднонасочна и заемна комуникација) користејќи соодветни примери. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците работат во двојки. Разгледуваат фотографии и слики со различни примери на знаци кои секојдневно ги користиме (жолти лисја, гулаб со маслинова гранка во клунот, училишно ѕвонче, автомобил украсен со цвеќиња, стапалка на плажа, семафор, полициско возило со вклучено ротациско светло). Под секоја фотографија/слика, учениците треба да запишат каква порака е испратена и како му е упатена на примачот.<br>Се поведува разговор што е **знак, симбол, сигнал** и каква е неговата улога и кои од знаците, сигналите се испратени со намера, а кои не се испратени со намера до испраќачот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Предавање преку презентација со поимите кои треба да се совладаат за овој час. На учениците сликовито им се објаснети разликите помеѓу (знак, симбол, сигнал). На презентацијата наставникот им ги објаснува различните видови на комуникација (вербална и невербална, посредна и непосредна, сигнална и симболичка комуникација, еднонасочна и заемна) користејќи примери.<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок** | -илустрации,<br>Фотографии<br>-техничка опрема во училницата (видео бим)<br>-картички | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците добиваат картички со илустрирани слики од симболи, сигнали, знаци. Учениците во парови ги класифицираат картичките и пополнуваат табела со подредените знаци (сигнали, симболи, знаци).<br>Учениците ги презентираат одговорите.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови<br><br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Наука за јазикот Комуникација – елементи и видови *(елементи на комуникацијата: порака, испраќач на пораката, примач на пораката, средство за пренесување на пораката; знак, симбол, сигнал, сигнална и симболичка комуникација, вербална и невербална комуникација, посредна и непосредна комуникација,* | Креира и презентира модели на пренесување пораки во различни комуникациски ситуации. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br><br>Преку техниката мисловна мапа се повторуваат изучените поими од темата комуникација. Во мисловната мапа се разгрануваат поимите за комуникација и се комбинираат. Преку насочувачки прашања од страна на наставникот се пополнува мисловната мапа.<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br><br>1. На учениците преку слики, видеа, инсерти им се презентираат различни видови комуникација. Учениците ги идентификуваат и низ дискусија ги објаснуваат различните видови комуникација<br><br>2. Игровна активност – Драматизација (Учениците смислуваат кратка драматизација-драмски текст со зададени активности за пренесување на пораки во различни комуникациски ситуации). | -техники на учење<br><br>-илустрации,<br><br>Аудио -Визуелни средства<br><br>-техничка опрема во училницата (видео бим)<br><br>-картички | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br><br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br><br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br><br>- рефлексивните дневници;<br><br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *еднонасочна и заемна комуникација)* | | | Учениците се делат во четири групи.<br><br>Првата група драматизира текст со мимика, гестови и движења на телото што може да предизвикаат конфликт (на пример: исплазување на јазик, определени движења со рацете за заканување, потценување, навредување...).<br><br>Втората група ученици презентира драмски текст за невербално изразување што позитивно влијае врз односите со другите (на пример: кимање со главата, насмевнување, покажување со палецот нагоре или крукче со палецот и показалецот како знак за одлично направена работа, давање аплауз и сл.).<br><br>Третата група презентира драмски текст во којшто ќе користи симболи што пренесуваат пораки (пример: емотикони, црвени рози, нацртано срце, црвен крст и црвена полумесечина).<br><br>Четвртата група наведува сигнали што се користат за пренесување пораки (црвено и зелено светло, сигнални ракети, училишно ѕвонче).<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br><br>Секоја група презентира примери за различен вид комуникација со слика, гестови, мимики или со зборови. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br><br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева

Адаптирал :

Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Поделби на литературата *(според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/ уметничка литература, народна литература)* | Го објаснува значењето на поимот литература. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br><br>Учениците преку техниката анаграм го откриваат поимот литература која ќе биде предмет на изучување на овој час.<br><br>Техника анаграм (Учениците добиваат слики на кои има зададено некој предмет, учениците под секој предмет ја запишуваат првата буква)<br>*Пример:<br><br>**Л**ав, **и**гла, **т**апан, **е**лен, **р**иба, **а**вион, **т**абла, **у**во, **р**акета, **а**јкула<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br><br>Учениците работат индивидуално и добиваат работен лист со два текста. Едниот текст е од енциклопедија или од учебник по географија (на пр. научно објаснување за сонцето), а другиот е литературен текст – песна (на пр. „Сончева песна“ од Стојан Тарапуза). Учениците ги читаат двата текста и потоа се | - Средства и ресурси за учење:<br>-речници, -правопис, -лексикони,<br>-енциклопедии,<br>-книги,<br>Библиотека во училница, училишна библиотека<br><br>-техники на учење | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br><br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br><br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br><br>- рефлексивните дневници;<br><br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | отвора дискусија за јазикот и содржината на прочитаното. Наставникот насоките за дискусија ги поставува на таблата: Како ги доживеавте текстовите кои ги читавме? Кои се вашите првични согледувања? На каков јазик се напишани двата текста? Дали употребените зборови на ист начин ги објаснуваат претставените нешта? Дали зборуваат за исти нешта? Дали се еднакво прецизни двата текста? Какви информации има во едниот, а какви во  другиот текст? Како е оживеано сонцето во песната? Во кој од двата текста е употребен необичен јазик при описите на сонцето? Во кој од двата текста доаѓа до израз убавината на зборот? За кој од текстовите заклучуваме дека е литература?<br>**Завршна активност –  извлекување заклучок**<br><br>По дискусијата на таблата се пишува заклучок за поимот литература<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3)  „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br><br>Адаптирал :<br><br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење</td></tr>
<tr><td>содржини (и поими)</td><td>стандарди за оценување</td><td>часови<br><br>и датум на реализација</td><td>сценарио за часот</td><td>средства</td><td>следење на напредокот</td></tr>
<tr><td>Поделби на литературата (според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/ уметничка литература, народна литература)</td><td>Ги објаснува поделбите на литературата преку соодветни примери.</td><td>1</td><td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br><br>Учениците преку техниката минутна работа одговараат на прашање во врска со наставната содржина што ќе ја обработуваме.<br><br>Наставникот им задава време од една до две минути да одговорат на прашање:<br><br>Објасни кои се разликите на расказите, песните и драмските текстови?<br><br>Учениците ги презентираат нивните одговори<br><br>Се открива целта на часот<br><br>Главни активности – искуствено учење<br><br>Преку презентација се запознаваат со поделбите на литературата според формата, авторството и внатрешните својства (родот) и нивните основни одлики, посочувајќи соодветни примери</td><td>-техники на учење<br>- Техничка опрема во училницата<br>-Презентации</td><td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br><br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br><br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br><br>- рефлексивните дневници;<br><br>- -изработките/ практичните изведби</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br><br>Учениците се поделени во групи со помош на техниката грозд ги прикажуваат поделбите на литературата.<br><br>Учениците ги презентираат одговорите<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br><br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Поделби на литературата *(според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/ уметничка литература, народна литература)* | Ги наведува основните одлики на литературните родови користејќи примери. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Поделени во групи со помош на техниката - Мисловна мапа ги прикажуваат поделбите на литературата со цел да се повтори наставната содржина од минатиот час<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците индивидуално добиваат наставни листови на кои има песни, раскази, драмски текстови. Сите наставни листови се различни. Под сите текстови има простор со празни линии на кои ученикот ќе го напише она што го согледува од наставниот лист кој го добил: како е напишан текстот, во која форма, што кажува/изразува/ претставува текстот.<br>Во меѓувреме наставникот подготвува на таблата шематски приказ и кратко објаснување за родовите во литературата (лирика, епика, драма).<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите.<br>Учениците на стикерче го пишуваат насловот на она што го читале и го ставаат во оној дел од шематскиот приказ на кој сметаат дека припаѓа.Се дискутира за изборот/одговорот што го дале и причините на таквиот избор. Од дискусијата произлегуваат заклучоци кои ќе се | -техники на учење<br>-стикери<br>-Наставни листови<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал, паноа<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | допишат на првичниот шематски приказ за одликите на поделба на литературата на родови.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Фонетика Поделба на гласовите** *(самогласки, согласки, самогласно р)* | Ја објаснува поделбата на гласовите на самогласки и согласки. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат задача да напишат зборови со една, две, три или повеќе самогласки. Потоа ги изделуваат согласките и самогласките и прават анализа на зборовите.<br>Се истакнува целта на часот –Поделба на гласови<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>1. На учениците им се претставува поделбата на гласовите според признакот звучност на графички организатор по избор на наставникот/наставничката<br>2. Наставникот им задава фонетски вежби за детектирање, лоцирање и правилен изговор на фонеми (самогласки / согласки во различна позиција (иницијална, медијална и финална).<br>Учениците се поттикнуваат да ги изговараат гласовите, по претставен пример од наставникот и да забележуваат разлики во артикулацијата<br>3. Наставникот со насочувачки прашања и објаснувања ги води кон главниот заклучок – треперењето на гласните жици, односно нивната затегнатост при изговорот ја создава нивната звучност. Најзвучни се самогласките, потоа сонантите и на крајот согласките. При изговорот на согласките, доколку гласните жици | -Игри и техники<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- речници, правопис | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- рефлексивните дневници; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | не се оптегнати, туку опуштени, се создаваат безвучните согласки.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците во дадени зборови ги детектираат согласките, самогласките и сонантите и заеднички се проверуваат.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Фонетика Поделба на гласовите** *(самогласки, согласки, самогласно р)* | Наведува и конструира примери со самогласното р во усна и писмена комуникација.<br>Правилно го пишува р во даден збор (со или без апостроф). | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците се поделени во групи. Секоја група добива сет со примери од зборови кои го содржат р во позиција на самогласка и р во позиција на согласка. Групите имаат задача да ги поделат зборовите на слогови и да го определат **самогласното р** во посочените примери<br>Се истакнува целта на часот<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците добиваат текст под кој е зададена табела во две колони. Учениците ќе ги распоредат зборовите кои ги имаат во својот текст(самогласното р во табела со две колони). Во едната колона ги внесуваат зборовите во кои самогласното р е на почетокот на зборот и се пишува со апостроф, а во другата колона р е во средината на зборот и се пишува без апостроф. На крајот секоја група го презентира сработеното и пишуваат по еден нов пример на самогласното р во различна позиција во зборот<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Од презентираното се изведуваат заклучоците за самогласното р<br>Гласот **р** може да врши функција на самогласка, односно да се јави како носител на слогот. | - речници,<br>-правопис<br>- Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-текстови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | а) Самогласното **р** се пишува без апостроф кога се наоѓа меѓу две согласки: врв, грло, дрво, жртва, прст, прстен, срце, црква...<br>б) Самогласното **р** се пишува со апостроф кога се наоѓа на почетокот на зборот, а по него следува согласка: ’рбет, ’рбетник, ’рѓа, ’рж, ’ржи, ’рскавица,’рт, ’рти, ’рчи. Овие зборови се пишуваат со апостроф и кога нив им се додава префикс што завршува на самогласка: за’рѓа, за’ржи, про’рти, но кога им се додава префикс што завршува на согласка, апостроф не се пишува: безрбетник, изрти, сржи.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ</td></tr>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Фонетика<br>Поделба на согласките по звучност<br>(звучни, безвучни и сонанти)</td><td>Идентификува звучни, безвучни согласки и сонанти во даден збор.</td><td>1</td><td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>Наставникот им задава фонетски вежби за детектирање, лоцирање и правилен изговор на фонеми (согласки, сонанти,звучни и безвучни). Учениците се поттикнуваат да ги изговараат гласовите, по претставен пример од наставникот и да забележуваат разлики во звучноста<br>Главни активности – искуствено учење<br>Наставникот на таблата поставува приказ /табела од паровите звучна и безвучна согласка. Им објаснува да ги читаат во пар како што се прикажани во табелата. Наставникот/наставничката со насочувачки прашања и објаснувања ги води кон главниот заклучок – треперењето на гласните жици, односно нивната затегнатост при изговорот ја создава нивната звучност. Најзвучни се самогласките, потоа сонантите и на крајот согласките. При изговорот на согласките, доколку гласните жици не се оптегнати, туку опуштени, се создаваат безвучните согласки.<br><br>Завршна активност – извлекување заклучок<br>Учениците добиваат зборови и треба да ги класифицираат гласовите во табела во 3 колони (збучни, безвучни и сонанти)<br>Учениците ги презентираат одговорите</td><td>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- речници, правопис</td><td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Фонетика**<br>Поделба на согласките по звучност<br>*(звучни, безвучни и сонанти)* | Наведува примери на двојки составени од звучна и безвучна согласка. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Низ игра се повторуваат научените содржини од фонетика.<br>Наставникот им задава на учениците да си го напишат името и презимето и да ги одредат гласовите (согласки, самогласки, сонанти)<br>Учениците ги презентираат одговорите и наставникот поставува прашања од изучениот материјал<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Игровни активности<br>*( Учениците добиваат картички со гласови, ученикот кој ја има картичката со гласот Б ја изговара, а веднаш по него ученикот го изговара гласот П и така сè до безвучната Х, учениците изговараат во парови.)<br>* Учениците добиваат табела во која недостига една согласка од парот. Учениците имаат задача да ја пополнат табелата и заеднички да се проверуваат<br>*Учениците добиваат брзозборка и гласно ја изговараат<br>* Составување зборови (Забава без граница)<br>Наставникот на таблата пишува согласки од кои учениците ќе треба за 5 минути да состават што е можно повеќе зборови. Се избира најдобар ученик. | -Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- речници, правопис<br>-наставни листови<br>-игровни активности<br>-картички<br>-брзозборки | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>На крајот од активноста на импровизирано петолиние и со различна боја, учениците ги запишуваат гласовите според звучноста, така што на најгорните линии стојат самогласките, па подолу сонантите, па звучните согласки и најдолу безвучните согласки<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Поделби на литературата *(според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/ уметничка литература, народна литература)* | Разликува литература напишана во стих и литература напишана во проза. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на прашањата и активно учествуваат во составувањето на мрежата на темата. Одговараат на поставените прашања на претходните знаења. Мрежа на темата (ефективна техника која им овозможува на учениците да го споделат своето предзнаење, размена на искуства и идеи)<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Секоја група добива работен лист со два текста-едниот во стих („Сè што има крила, нозе, глава“ од Божидар Тимотиевиќ), а другиот во проза („Кралот Ружа и кралицата Трн“ од Ванчо Полазаревски). Ги читаат, ги разгледуваат и ги споредуваат текстовите.<br>Наставникот поставува насочувачки прашања со цел откривање на разликите на литературата напишана во проза и стих. Дали текстовите се разликуваат надворешно (визуелно)? Кој од двата текста е поблизок до секојдневниот говор? Кој од двата текста има поголема ритмичност? Учениците во групите ги запишуваат одговорите на ливчиња што е поезија, а што проза. Групите си ги разменуваат ливчињата (вртејќи во круг), го проверуваат напишаното и дополнуваат доколку нешто испуштила претходната група<br>**Завршна активност – извлекување заклучок** | -техники на учење<br>-Текстови<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал, паноа<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците во пар изработуваат Венов дијаграм за литература напишана во стих и литература напишана во проза.<br><br>Кои се карактеристики на Литературните текстови во проза, а кои на литературните текстови во стих? Во пресекот на овие две множества се запишуваат заедничките карактеристики.<br>Учениците ги презентираат одговорите<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Поделби на литературата *(според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/ уметничка литература, народна литература)* | Објаснува во каква форма може да бидат напишани литературните текстови од секој литературен род. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците преку техниката минутна работа одговараат на прашање во врска со наставната содржина од претходниот час<br>Наставникот им задава време од една до две минути да одговорат на прашање:<br>Кои се разликите помеѓу литературните текстови во проза, а кои се разликите помеѓу литературните текстови во стих?<br>Учениците ги презентираат нивните одговори.<br>Се открива целта на часот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Секоја група добива три картички. Групите имаат задача да истражуваат во учебникот (или материјал кој го има во библиотечното катче во училницата) и да напишат 5 наслови на текстови и автор. На картичките објаснуваат во каква форма може да бидат напишани литературните текстови од секој литературен род.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Секоја од групите презентира, давајќи соодветно објаснување за избраните текстови. Се проверува точноста на задачата со коментари од учениците и наставникот<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања: | -техники на учење<br>- -Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Фонетика Гласовни промени:** *Едначење на согласките по звучност и обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот* | Ги наведува и објаснува гласовните промени и дава примери за **едначење на согласките по звучност** и **обезвучување** на звучните согласки на крајот на зборот.<br><br>Идентификува и објаснува едначење на согласките по звучност во даден збор. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Преку енигматска техника осумнасочник се открива наставната содржина.<br>Наставникот во осумнасочникот им има зададено зборови кои учениците треба да ги пронајдат.<br>Во осумнасочникот учениците ќе пронајдат и една гласовна промена.<br>(ЕДНАЧЕЊЕ ПО ЗВУЧНОСТ)<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците разгледуваат на табла примери и дискутираат за начинот на нивниот изговор, односно како е полесно изговарањето во позиции на звучна и безвучна согласка една до друго во зборот, пример: клуб-клупски (клуб + ски), риба-рипка (риб + ка), снег-снекче (снег + че), град-гратче (град + че), тежок-тешка (теж + ка), блиска (близ + ка), гозба (гост + ба)<br>Учениците заклучуваат дека поради приспособување на гласовите за полесен изговор настанува гласовна промена која се вика едначење по звучност.<br>Звучните и безвучните согласки се едначат по звучност кога ќе се најдат една до друга, во непосреден допир. Едначењето се врши според втората согласка.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Потоа учениците работат индивидуално врз текст во кој има зборови каде настанува едначење по | - речници,<br>-правопис<br>-текстови<br>-техники на учење | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | звучност. Ги детектираат и дискутираат за погрешно напишаните зборовите во него, а потоа ги запишуваат на таблата и се обидуваат да ги изговорат. **Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?",<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?",<br>3) „Што научивте?"<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?". | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик
**Натавно подрачје /тема : НАУКА ЗА ЈАЗИКОТ**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Фонетика Гласовни промени:** *Едначење на согласките по звучност и обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот* | Ги наведува и објаснува гласовните промени и дава примери за **едначење на согласките по звучност** и **обезвучување** на звучните согласки на крајот на зборот.<br><br>Идентификува обезвучување на звучните согласки на крајот на даден збор | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на таблата има зададено зборови во табела.<br>Во првата колона се зададени зборовите како што правилно се пишуваат, втората колона е празна и задачата е учениците да ја пополнат со зборовите од втората колона по изговорот (како зборовите звучат кога ги изговараме.)<br>Се дискутира за тоа кои согласки им било најтешко правилно да ги запишат.<br>Учениците го читаат и презентираат тоа што го напишале и се поведува дискусија.<br>Се открива целта на часот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот преку презентација низ соодветни примери ја објаснува гласовната промена обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот.<br>Потсетувајќи се на табеларниот приказ на звучни и безвучни двојки дискутираат за звучните и безвучните согласки. Заклучуваат дека звучните согласки на крајот од зборот се изговараат како безвучни, бидејќи е така полесно, но обезвучувањето не се бележи во пишувањето<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Наставникот им задава на учениците игровна активност –Трка (Учениците во времетраење од 1 минута да напишат колку што можат повеќе | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија речници,<br>-правопис<br>-текстови<br>-техники на учење | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | зборови во кои има гласовна промена-обезвучување на звучните согласки на крајот од зборот) Најбрзите тројца ученици кои ќе напишат најмногу зборови во кои има обезвучување на звучните согласки ќе ги освојат првите три места.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Поделби на литературата *(според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/ уметничка литература, народна литература)* | Определува каде припаѓа даден литературен текст според внатрешните карактеристики и според формата. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците преку техниката грозд го повторуваат наученото за литературни текстови.<br>Учениците ги презентираат одговорите.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците работат во групи. Поделени се во три групи и секоја група добива различни текстови. Првата група добива текст напишан во поезија и проза, втората група добива народна песна и уметничка песна и третата група добива лирски, епски и драмски текст. Групите ги читаат текстовите и ја определуваат припадноста на текстот.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Секоја од групите презентира, давајќи соодветно објаснување за неговата припадност<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | -техники на учење<br>- -Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : Литература и изразување и творење** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Поделби на литературата *(според внатрешните својства: лирика, епика, драма; според формата: проза и поезија; според авторството: авторска/уметничка литература, народна литература; литература, текст, книжевен јазик, лирика, епика, драма, поезија, проза, авторска/ уметничка литература, народна литература)* | Го објаснува критериумот за поделба на народна и авторска/уметничка литература | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат две песни<br>-Една авторска песна ,,Цветови“ од Славко Јаневски<br>-Една народна песна ,,Распукала Шар Планина“<br>Учениците добиваат задача да ги воочат разликите во двете песни и ги презентираат одговорите.<br>Се истакнува целта на часот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот преку техника Венов дијаграм ги активира учениците да ги запишат белезите на авторската и народната поезија и нивните разлики.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за поделбата на народна и авторска/уметничка литература и се дискутира за нивното авторство, посочувајќи ја анонимноста наспроти конкретниот автор<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | -техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>- Книги | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби |